**Член 5**

Изборната комисија од член 2 на оваа Одлука е должна да ги достави пристигнатите пријави и програмите на кандидатите за директор до членовите на Научниот совет, во рок од 3 дена од денот на нивното поднесување, да спроведе гласање и да објави резултати.

**Член 6**

Постапката за избор ќе се спроведе со тајно гласање на седница на Научниот совет.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

*Доставено до*

- Членовите на Комисијата
- Архива на Институтот

**Директор**

**проф. д-р Никола Пациновски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО- СКОПЈЕ

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Ss. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
INSTITUTE OF ANIMAL AND FISHERY SCIENCE - SKOPJE

Република Северна Македонија
Универзитет СВ. Кирил и Методиј
Институт за сточарство и рибарство
-Скопје
Бр. 02 - 126/1
23.03 2026 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 110, став 1, точка 3 и член 113 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.178/2021), член 239, став 2 од Статутот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 425/2019) и член 51, став 1, од Статутот на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 451/2019), Научниот совет на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 23-та редовна седница, одржана на 23.03.2026 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за започнување на постапката и формирање на изборна комисија за избор на директор

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува започнувањето на постапката за избор на директор на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Институт за сточарство и рибарство – Скопје, за мандатен период од 3 (три) години, сметано од 25.09.2026 година до 24.09.2029 година.

### Член 2

Се формира изборна комисија за спроведување на постапка за избор на директор на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Институт за сточарство и рибарство – Скопје, во состав:

1. Проф. д-р Елена Ефтимова, научен советник /редовен професор - претседател,
2. Проф. д-р Весна Левков, научен советник /редовен професор – член и
3. Доц. д-р Петар Петров, научен соработник/доцент – член.

### Член 3

Секој научен советник/редовен професор и виш научен соработник/вонреден професор, а доколку нема научен советник/редовен професор и виш научен соработник/вонреден професор и од редот на научен соработник/доцент, доколку се исполнети условите од Статутот на Универзитетот, имаат право во рок од 30 дена од денот на донесување на оваа Одлука да се кандидираат за директор.

### Член 4

Пријавените кандидати до Изборната комисија доставуваат пријава и програма за работа за мандатниот период.